Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО
Бр. 0307-1370/1
08.10.2021 год.
СКОПЈЕ

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-1042/1
04.10.2021 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

**Склучен помеѓу следните**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврологија – Скопје**, со седиште на Ул. Водњанска број 17, 1000 Скопје, РСМ
застапуван(о) од медицински директор доц.д-р Иван Барбов и в.д. организациски директор д-р Аљајдин Хавзиу (во понатамошниот текст Набавувач) од една страна,

и **Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет Зегин ДОО Скопје**, ул. Народен фронт, бр. 5/3-1, 1000 Скопје, РСМ
застапуван(о) од Васил Василев
(во понатамошниот текст Носител на набавката Добавувач) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Предмет на овој договор е јавна набавка на **Биолошка активна терапија, молекуларна таргет терапија и моноклонални антитела за потребите на ЈЗУ во РСМ.**

Член 1

Овој договор се склучува врз основа на спроведената постапка за јавна **Биолошка активна терапија, молекуларна таргет терапија и моноклонални антитела за потребите на ЈЗУ во РСМ** од страна на Министерството за здравство на РСМ врз основа на Одлука за потреба од спроведување на постапка за склучување на повеќегодишна рамковна спогодба за јавна набавка на стоки бр.20-2604/2 од 23.03.2021 година, спроведена постапка со објавување на оглас бр.04878/2021 од 24.03.2021 година и Одлука за избор на најповолна понуда и поништување на дел од постапката бр. 20-2604/35 од 06.07.2021 година.

Член 2

Добавувачот според спецификацијата на отворената постапка за доделување на договор за јавна набавка на ЛЕКОВИ за годишни потреби на набавувачот треба да му го испорача следното: